ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИ на Културно Ехо -Скопје

спроведени во 2021 година

-Доставена иницијатива до Град Скопје и Агенција за просторно планирање, за промена на Генерален урбанистички план на Скопје за период 2022-2023 година, за пренамена на намената на локацијата на фабриката Купром, во класа В јавнии дејности и институции, со што се надеваме дека ќе се создадат институционални и општествено-политички услови за ревитализација, деконтаминирање и пренамена на овој простор во интерес на младите. Иницијативата е подржана и потпишана од Општина Ѓорче и Здружение Ситископ- Скопје (Март 2021)

-Организирање на **town hall дискусија** „Граѓански придонес во развојот на општините", преку проект на НМСМ на 14-ти Јуни во Кинотека на Македонија, на која учествуваа Градоначалник на О.Карпош, и по 1 претставник од здружението На Точак и неформалната група Не Биди Ѓубре.

- Оствaривме средба со претставници од европска диплома организирана од тимот на Скопје град на култура за 2028 год на 31.08.2021 на која ја претставивме нашата визија за Купром- Студентски град и другите напуштени објекти.

-Бевме дел од тимот кој изработи Видео -Интервју со младата уметничка Елена Чемерска за Месната заедница во Тафталиџе, во организација на здружението Ситископ-Скопје

-Учествувавме на граѓански буџетски форум со прелог за изработка на физибилити студија за Купром на 13.11.2021

- Остваривме соработка со здружение Кадар на проект за изработка на публикација за 4 те објекти за кои Културно Ехо води иницијативи за ревитализација, со наслов Ехо на ѕидовите. На 16.11.2021 организиравме промоција на публикацијата и панел-дискусија на тема: Напуштените објекти можност за развој на локалната заедница видено низ скопските општини?" Дискусијата се следеше во живо и онлајн на социјалните мрежи.

-Бевме дел од тимот кој ја водеше интердицсиплинарната работилница „Изгубени модернистички утопии" во организација на Акто фестивалот, со студенти од ФДУ и Архитектонски факултет. Резултат од работилницата беше реализација на перформанс за руинираниот објект на поранешната Месната заедница Тафталиџе 1 - познат како Домче, на 4.12.2021 година.